**ДП. 224**
Дисциплинската комисија на Комората на извршители на РМ( подолу како ДК при КИРМ) надлежна за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен, постапувајќи по пријавата на подносителот Б.у. ДООЕЛ Битола, за сторена дисциплинска повреда на извршителот Ж.П. од Битола, на претрес одржан на ден 24.12.2009 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УТВРДУВА** дека обвинетиот извршител Ж.П. од Битола е виновна за неуредност затоа што извршителот по своја вина ги одложувал извршните дејствија при спроведување на извршување по предмет И.бр.709/07.

**СЕ ИЗРЕКУВА** дисциплинска мерка поради неуредност на извршителот Ж.П. од Битола усмена опомена согласно чл. 55 ст.1 т. а од Законот за извршување.

*Образложение*

Подносителот ДООЕЛ Б.У. од Битола, на ден 07.09.2009 година до Комората на извршители на РМ достави поднесок кој се однесува на работењето на извршителот Ж.П. од Битола по нејзин предмет И.бр.709/07. Дисциплинската комисија на ден 23.11.2009 година донесе Решение да се поведе постапка за дисциплинска одговорност на извршителот Ж.П. од Битола по повод пријавата за поведување на дисциплинска постапка од ДООЕЛ Б.У. од Битола од причина што извршителот по своја вина ги одложувал извршните дејствија при спроведување на извршување по предмет И.бр.709/07, на начин што дозволил да измине подолг временски период од денот на извршената продажба согласно Заклучок за продажба И.бр.709/07 до денот на кој е огласена продажбата за неважечка заради недостиг на уплата по извршената продажба, согласно Заклучок по чл. 177 од ЗИ И.бр.709/07, што претставува основано сомневање за сторена дисциплинска повреда односно неуредност согласно на чл.54 ст.1 од Законот за извршување.

Во своја одбрана на главен претрес, извршителот Ж.П. од Битола наведе дека е точно да се спроведувала постапка по предлог на доверител А. ДООЕЛ … Битола против должник ДПТУ Ф.Т. ДОО увоз извоз Скопје и други. Спроведено е извршување насочено спрема недвижен имот на име на должникот и истиот е продаден на доверителот А … ДООЕЛ Битола. Извршителот појасни дека во оваа постапка се намирувал и друг доверител кој порано ја започнал постапката кај друг извршител. Имотот бил продаден на доверителот А. .. ДООЕЛ Битола, кој се јавил како единствен купувач, и извршителот го задолжил купувачот да ја уплати купопродажната цена. Па извршителот појасни дека откако увидел дека поминал

рокот за уплата на цената повеќе пати го контактирал купувачот и тој давал ветување дека ќе уплати односно ќе ја доплати разликата од побарувањето. Извршителот наведе дека цело време бил во контакт и со доверителот Б.У. ДООЕЛ кој се согласил со оваа продажба и бил свесен дека освен овој купувач нема заинтересирани други купувачи. Откако поминале неколку месеци извршителот со Заклучок ја огласил продажбата за неважечка. Во завршни зборови извршителот наведе дека постапувал согласно закон и нема предизвикано штета на никој, извршувањето го спроведувал исклучиво во интерес на странките а се со цел да се дојде до средства за намирување на побарувањето, и се што презел извршителот било со согласност на двете странки.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 24.12.2009 година, ги дозволи и изведе следните докази: Записник И.бр. 709/07 од 22.10.2008 година Ж.П. од Битола; Заклучок И.бр. 709/07 од 21.10.2008 година Ж.П. од Битола; Заклучок И.бр. 709/07 од 10.11.2008 година Ж.П. од Битола; Заклучок по чл. 175 ст.4 И.бр.709/07 од 10.11.2008 година Ж.П. од Битола; Дополнение на Заклучок И.бр. 709/07 од 10.12.2008 година Ж.П. од Битола; Заклучок по чл. 177 од 16.01.2009 година Ж.П. од Битола; Изјава од М.Н. од 11.12.2007 година; Изјава од адвокат О.Т. од Битола од 27.10.2009 година.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во пријавата од 07.09.2009 година, одговорот на извршител од ден 30.10.2009 година како и дополнение на одговор од 21.11.2009 година, Решението за поведување на дисциплинска постапка од 23.11.2009 година, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршителот Ж.П. од Битола спроведувал извршување врз основа на барање од доверител А... ДООЕЛ Битола засновано на извршна исправа Нотарски акт ОДУ бр.03/07 од 05.01.2005 на Нотар В.К. против должник ДПТУ Ф.Т. ДОО увоз извоз Скопје и други. Доверителот ДООЕЛ Б.У. од Битола поднел барање за извршување кај извршител М.Н. од Битола за спроведување на извршување против истиот должник ДПТУ Ф.Т. ДОО увоз извоз Скопје и други за наплата на парично побарување засновано на извршна исправа Пл.бр.3132/06 од 02.03.2007 година на Основен суд Битола, врз основа на кое извршителот М.Н. оформил предмет И.бр.291/07 и со Налог за извршување по чл. 157 од ЗИ на ден 27.04.2007 година пристапил кон извршување што се споведува врз основа на Налог за извршување И.бр.88/07 од 22.02.2007 година на извршителот М.Н. по барање за извршување од доверител М.... АД Скопје против ист должник, кое извршување се спроведува врз истата предметна недвижност на должникот и прибелешка на овој Налог е запишана во ДЗГР Одделение за премер и катастар на град Гостивар. Доверителот ДООЕЛ Б.У. од Битола на ден 11.12.2007 година дал Изјава во канцеларијата на извршител М.Н. од Битола со која изјавува дека е согласен Ж. П. од Битола да изврши продажба на предметната недвижност на должникот под услов заложното право на доверителот ДООЕЛ Б.У. од Битола кое е запишано во Катастар со прибелешка на извршител М.Н., да не се брише и по извршената продажба, а за кое нешто доверителот пред извршителот што продава да склучи

договор со купувачот, како и услов, купувачот да го превземе долгот и доколку до ден 10.06.2008 година на доверителот ДООЕЛ Б.У. од Битола не му биде намирено побарувањето, тој да може да спроведува извршување спрема купувачот како должник. Извршител М.Н. Налогот за извршување И.бр.291/07 по чл. 157 од ЗИ од ден 27.04.2007 година го доставил до извршител Ж.П. од Битола на ден 21.10.2008 година. Извршител Ж.П. од Битола, видно од Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање И. бр.709/07 од ден 07.11.2008 година, Заклучок за продажба на недвижност И.бр.709/07 од 10.11.2008 година, Заклучок за извршена продажба на недвижност И.бр.709/07 од 10.11.2008 година, му ја продал недвижноста на доверителот А... ДООЕЛ Битола, на кој му била продадена недвижноста како на најповолен понудувач на второ јавно наддавање, наведувајќи во Заклучокот за продажба од ден 10.11.2008 година дека доверителот освен извршните трошоци нема обврска за плаќање на недвижноста бидејќи побарувањето кое го има е поголемо од износот на купопродажната цена. Со Дополнение на заклучок за продажба И.бр.709/07 од 10.12.2008 година, извршителот Ж.П. од Битола го задолжил купувачот-доверител да го плати износот од 194.550,00 денари по Налогот за пристапување на извршител М.Н. од Битола И.бр.291/07во корист на доверителот ДООЕЛ Б.У. од Битола, бидејќи со доверителот ДООЕЛ Б.У. од Битола нема договор да се купи недвижноста од страна на доверителот со запишаната прибелешка.Извршител Ж.П. од Битола со Заклучок И.бр.709/07 од 16.01.2009 година ја огласил продажбата на недвижноста за неважечка, од причина што купувачот не ја положил цената од 194.550,00 денари и извршни трошоци во износ од 255,960 ,00 денари во рокот од 8 дена даден во дополнението на Заклучокот на извршителот во кој купувачот требало да ја изврши уплатата по чл. 175 ст.4 од Законот за извршување.

Дисциплинската комисија при одлучување за основаноста за предлогот за дисциплинска постапка ги имаше предвид изнесената одбрана на извршителот во писмена форма и усно на записник, и сметаше дека извршителот сторил неуредност на начин што извршителот дури по истекот на три месеци од извршената продажба, донел акт со кој продажбата ја огласува за неважечка иако ниту во дадениот рок од 8 дена ниту во законскиот рок согласно чл. 170 ст.2 од ЗИ од максимум 15 дена во кој купувачот треба да ја изврши уплатата, купувачот не ја исполнил обврската па со ваквото одложување на извршувањето, извршителот сторил неуредност од чл. 54 ст. 1 од Закон за извршување.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги имаше предвид олеснителните околности дека во време на сторување на делото извршителот се уште немал доволно искуство, како и околноста дека до сега не му е изрекувана дисциплинска мерка. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 24.12.2009 година согласно чл. 54 и чл. 55 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09) одлучи како во изреката на ова решение.

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на жалба во рок од 8 (осум) дена по приемот, преку Дисциплинска комисија при Комората на извршители на РМ, до Министерот за правда на РМ.